- ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ ОД ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

В) Составни делови на урбанистичкиот план се:

- РЕШЕНИЕ ЗА УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

- УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

- ИЗВОД ОД ПЛАН

- РЕШЕНИЕ ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ПЛАНСКА ПРОГРАМА И ПЛАНСКА ПРОГРАМА

- ГЕОДЕТСКИ ЕЛАБОРАТ ЗА ГЕОДЕТСКИ РАБОТИ ЗА ПОСЕБНИ НАМЕНИ ЗА АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА

- ПОДАТОЦИ ОД НАДЛЕЖНИ ОРГАНИ И СУБЈЕКТИ СО ЈАВНИ ОВЛАСТУВАЊА

МИСЛЕЊА ОД НАДЛЕЖНИ ОРГАНИ И СУБЈЕКТИ СО ЈАВНИ ОВЛАСТУВАЊА НА РАБОТНАТА ВЕРЗИЈА

- ОДЛУКА ЗА НЕСПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕГИСКА ОЦЕНА И ФОРМУЛАР ЗА ОДЛУКА ЗА НЕСПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕГИСКА ОЦЕНА И ИЗВЕСТУВАЊЕ ОД МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

- ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШЕНА СТРУЧНА РЕВИЗИЈА

- ИЗВЕШТАЈ ОД ОДРЖАНА СТРУЧНА РАСПРАВА И ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-5235/5
17 јуни 2025 година
Скопје

Претседател на комисија и
заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.

---

**2688.**

Врз основа на член 30 став (9) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25 и 101/25), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 17 јуни 2025 година, донесе

**О Д Л У К А
ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ПОДРАЧЈА И ГРАДБИ ОД ДРЖАВНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА ИЗГРАДБА НА ВЕТЕРЕН ПАРК (ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ СО КАПАЦИТЕТ НАД 10 MW) ВО ОПШТИНА ШТИП, ОПШТИНА РАДОВИШ И ОПШТИНА КАРБИНЦИ**

Член 1

(1) Со оваа одлука се донесува Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на ветерен парк (за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет над 10 MW) во Општина Штип, Општина Радовиш и Општина Карбинци.

(2) Составен дел на оваа одлука е Урбанистичкиот план за подрачја и градби од државно значење за изградба на ветерен парк (за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет над 10 MW) во Општина Штип, Општина Радовиш и Општина Карбинци со тех. бр. 0701-960 од јуни 2025 година, изработен од „Квадар“ ДОО - Скопје, кој е објавен на веб страната на Министерството за транспорт.

(3) Урбанистичкиот план за подрачја и градби од државно значење за изградба на ветерен парк (за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет над 10 MW) во Општина Штип, Општина Радовиш и Општина Карбинци, се состои од:

− Графички дел кој содржи графички прикази на планските решенија со нумерички показатели,

− Текстуален дел кој содржи цели на планот, концепт на планот, услови за развој и градење и одредби за спроведување со нумерички податоци и со билансни показатели и

− Составни делови на урбанистички план:

А) Графичкиот дел содржи:

- ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА - ГРАФИЧКИ ДЕЛ

1. ГРАФИЧКИОТ ДЕЛ ОД УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ (ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА)......................М = 1:250 000

2.1. ПОШИРОКО ОПКРУЖУВАЊЕ И СООБРАЌАЈНА ПОВРЗАНОСТ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ НА ТОПОГРАФСКА КАРТА ............................М = 1:25 000

2.2. ЗБИРЕН ГРАФИЧКИ ПРИЛОГ....................М = 1:25 000

3. АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА..........М = 1:1000

4. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ИЗГРАДЕНИОТ ГРАДЕЖЕН ФОНД, ВКУПНАТА ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА И ИЗГРАДЕНАТА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА .......................М = 1:1000

− ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА - ГРАФИЧКИ ДЕЛ

1. ПЛАН НА НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕТО И ГРАДБИТЕ......................................................М = 1: 1000

2. РЕГУЛАЦИОНЕН ПЛАН, ПЛАН НА ПАРЦЕЛАЦИЈА И ПЛАН НА ПОВРШИНИ ЗА ГРАДЕЊЕ.................................................................М = 1: 1000

3. СООБРАЌАЕН И НИВЕЛАЦИСКИ ПЛАН.......................................................................................М = 1: 1000

4. ИНФРАСТРУКТУРЕН ПЛАН..............М = 1: 1000

5. СИНТЕЗЕН ПЛАН...........................М = 1: 1000 И

6. ПОДОЛЖНИ ПРЕСЕЦИ НА ПРИСТАПЕН ПАТ…...............................................................М = 1: 1000

Б) Текстуалниот дел содржи:

- СОДРЖИНА НА ОПШТА ДОКУМЕНТАЦИЈА

- ОПШТ ДЕЛ

- ИЗВОД ОД ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР ЗА РЕГИСТРИРАНА ПРЕТЕЖНА ДЕЈНОСТ

- ЛИЦЕНЦА ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ НА ПРАВНОТО ЛИЦЕ

- РЕШЕНИЕ ЗА ОДРЕДУВАЊЕ НА ИЗРАБОТУВАЧИ НА ПЛАНОТ

- ОВЛАСТУВАЊЕ ОД ИЗРАБОТУВАЧИТЕ НА ПЛАНОТ

- ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ ОД ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА И

- ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ ОД ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

В) Составни делови на урбанистичкиот план се:

- УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ СО ТЕХ. БР.11609 ОД СЕПТЕМВРИ 2009 ГОДИНА СО РЕШЕНИЕ ОД МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ ЗА УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ СО АРХ. БР.15-5967/4 ОД 2.11.2009 ГОДИНА

- УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ СО ТЕХ. БР.Y00225 ОД МАРТ 2025 ГОДИНА СО РЕШЕНИЕ ОД МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ ЗА УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ СО АРХ. БР.15-1569/2 ОД 7.4.2025 ГОДИНА

- ИЗВОДИ ОД ПРЕТХОДНО ИЗРАБОТЕНИ И ОДОБРЕНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНСКИ ДОКУМЕНТАЦИИ И УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТИ ШТО СЕ ВКРСТУВААТ ИЛИ СЕ ВО НЕПОСРЕДНА БЛИЗИНА СО ПЛАНСКИОТ ОПФАТ

- ПОДАТОЦИ И ИНФОРМАЦИИ ОД НАДЛЕЖНИ ОРГАНИ И СУБЈЕКТИ СО ЈАВНИ ОВЛАСТУВАЊА

- МИСЛЕЊА ОД НАДЛЕЖНИ ОРГАНИ И СУБЈЕКТИ СО ЈАВНИ ОВЛАСТУВАЊА

- ПЛАНСКА ПРОГРАМА
- РЕШЕНИЕ ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ПЛАНСКА ПРОГРАМА
- ГЕОДЕТСКИ ЕЛАБОРАТ
- РЕШЕНИЕ ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ВАЖНОСТ НА СОГЛАСНОСТ ЗА СТУДИЈА ЗА ОЦЕНА НА ВЛИЈАНИЕТО ВРЗ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ЗА ВЕТЕРНА ФАРМА ШТИП
- ОДЛУКА ЗА НЕСПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕГИСКА ОЦЕНА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА
- ФОРМУЛАР ЗА СТРАТЕГИСКА ОЦЕНА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И
- МИСЛЕЊЕ ОД МИНИСТЕРТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ ПО ОДЛУКА ЗА НЕСПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕГИСКА ОЦЕНА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ФОРМУЛАР
- ИЗЈАВА ЗА ШТЕТА ОД ИНВЕСТИТОР (ВРСКА - ОДЛУКА ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ НА ИЗГРАДБА НА ЕНЕРГЕТСКИ ОБЈЕКТ ФАРМА ЗА ВЕТЕРНИЦИ НА ДРУШТВОТО ЗА ПРОИЗВОДСТВО И ТРГОВИЈА НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ИНВАЛЛ МАК ДООЕЛ СКОПЈЕ)
- ЗАПИСНИК СО КОНСТАТАЦИЈА ПО ОДГОВОРЕНИ МИСЛЕЊА
- ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШЕНА СТРУЧНА РЕВИЗИЈА И
- ИЗВЕШТАЈ ОД ОДРЖАНА СТУЧНА РАСПРАВА И ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-5847/15
17 јуни 2025 година
Скопје

Претседател на комисија и заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

**2689.**

Врз основа на член 27-б став 4, а во врска со став 3 од Законот за финансирање на политичките партии („Службен весник на РМ“ бр. 76/04, 86/08, 161/08, 96/09, 148/11, 142/12, 23/13 и 140/18 ) и („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 294/20), министерот за правда, донесе

### О Д Л У К А
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ЗАПИРАЊЕ НА ИСПЛАТА НА СРЕДСТВА ЗА РЕДОВНО ГОДИШНО ФИНАНСИРАЊЕ ОД БУЏЕТОТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НА ПОЛИТИЧКИ ПАРТИИ

Запирањето на исплата на средства за редовно годишно финансирање од Буџетот на Република Северна Македонија на политичките партии во Одлуката број 11-989/2 од 23.4.2025 година престанува да важи за политичката партија:

- ПОПУЛИ (доставени се: извештај од регистар на примени донации, годишна сметка и годишен финансиски извештај);

Оваа одлука е конечна и истата ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“ согласно член 27-б став 6 од Законот за финансирање на политичките партии („Службен весник на РМ“ бр. 76/04, 86/08, 161/08, 96/09, 148/11, 142/12, 23/13 и 140/18) и („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 294/20)

О б р а з л о ж е н и е

Во врска со Одлуката за запирање на исплатата на средствата на политичките партии за редовно годишно финансирање од Буџетот на Република Северна Македонија објавена во „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 86/25 од 28.4.2025 година, Државниот завод за ревизија достави известување број 47-11/81 од 22.5.2025 година со барање за запирање на забраната на исплатата на средствата за редовно годишно финансирање на политичката партија ПОПУЛИ, која ги исполнила обврските за финансиско известување за 2024 година.

Државниот завод за ревизија достави известување дека политичката партија ПОПУЛИ ги исполнила целосно своите обврски за финансиско известување за 2024 година.

Со оглед дека наведената политичка партија ги исполниле условите за запирање на забраната за исплата на средствата на политичките партии за редовно годишно финансирање од Буџетот на Република Северна Македонија, па согласно член 27–б став 3 од Законот за финансирање на политичките партии („Службен весник на РМ“ бр. 76/04, 86/08, 161/08, 96/09, 148/11, 142/12, 23/13 и 140/18) и („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 294/20), се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

ПРАВНА ПОУКА:Против оваа одлука политичката партија може да поведе управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на објавување на истата во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 11-989/16
16 јуни 2025 година
Скопје

Министер за правда,
**Игор Филков,** с.р.

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

**2690.**

Врз основа на член 45 став (1) од Законот за дивечот и ловството (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 263/23 и 170/24), Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, на 16.06.2025 година, донесе

### О Д Л У К А
### ЗА ЕДНОСТРАН РАСКИН НА ДОГОВОРОТ ЗА КОНЦЕСИЈА НА ДИВЕЧОТ ВО ЛОВИШТЕТО БР. 14 „ЛОЗНАНИ“ ВО ЛОВЕН РЕОН БИТОЛА

Член 1

Со оваа одлука еднострано се раскинува Договорот за концесија на дивечот во ловиштето бр. 14 „Лознани“ во ловен реон Битола бр. 02-2327/1 од 28.02.2023 година, склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија како Концедент и Ловно Друштво “Рис 2021” Битола како Концесионер, по сила на пресуда од Управен суд У-6 бр. 337/2024, со која Одлуката за давање на дивечот во ловиштето бр. 14 „Лознани“ ловен реон Битола на користење - концесија број 41-10672/10 од 25.11.2022 година е поништена, со што паднат е правниот основ врз основа на кој бил склучен горе наведениот договор.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.